**Канцеларија за човечки ресурси**

Во согласност со Член 54, 63 и 65 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16) како и Член 37 од Статутот на Универзитетот, Универзитетот го објавува следниов:

# ПОВИК

## За кандидирање за декан на Правниот факултет

Цел на работното место**:** Да го води и мотивира Факултетот во академски и истражувачки активности и да обезбеди ефективен менаџмент на политиките, процесите и процедурите на Факултетот и да го претставува Факултетот и Универзитетот, да осигури и одржи успех и добра репутација.

**Дополнително на општите барања предвидени со закон, кандидатите мора да ги исполнат следниве барања:**

Основно:

- Универзитетска диплома – докторатура
- Звање вонреден професор или редовен професор во високото образование или еквивалент (Доцент доколку не постои повисок достапен и соодветен ранг)
- Доказ за успешно истражување и издавање публикации во релевантната академска област
- Високо развиено знаење за предметот, професионални трендови и високо образовни активности во државава и национално ниво во релевантна академска област

Пожелно:

- Ефективно менаџирање и администрација на академскиот сектор/оддел
- Добро познавање на сите предмети и области во рамките на Факултетот
- Познавање на меѓународните предмети–посебни и професионални трендови во високото образование и во рамките на Европскиот високо образовен простор и инструкциите од Болоња.

**Кандидатот треба да ги поседува следниве вештини и способности:**

Основно:

- Ефективна комуникација (усна и писмена) на најмалку два од трите јазици кои се употребуваат на Универзитетот (албански, македонски, англиски јазик) и придонес во имплементацијата на јазичната политика; меѓународен кадар на англиски јазик
- Способност за успешно менаџирање и мотивирање на кадарот
- Одлични меѓучовечки и комуникациски вештини, писмени и усни
- Способност за анализирање и ефективно користење на комплексните податоци
- Извонредно присуство и навременост и ефективно користење на работното време
- Високо ниво на организациони вештини
- Способност за флексибилна и независна работа со самомотивација, креативност и преземање иницијативи
- Способност за работа под притисок, решавање на проблемите со цел да се почитуваат крајните рокови
- Способност да се користат компјутерски апликации и компјутерскиот систем на Универзитетот
- Способност активно да работи и да ги подржува студентите
- Посветеност и лојалност на Универзитетот и мисијата на Универзитетот како најголем приоритет
- Способност и подготвеност за патување кога е неопходно

**Краен рок за пријавување**
Конкурсот се отвора од **29.02.2016 год** до **24.06.2016 год.**

**Апликациите можат да се достават само преку електронска пошта**: jobs@seeu.edu.mk

**Адреса:**

Универзитет на Југоисточна Европа
Канцеларија за човечки ресурси
Бул. „Илинден“, 335,
1200 Тетово, Македонија
Контакт телефон: 044 356 087